Република Македонија
Министерство за финансии

# КВАРТАЛЕН ЕКОНОМСКИ ИЗВЕШТАЈ
# К-4-2016

## Резиме


- **БДП** во К-4-2016 во однос на истиот квартал во 2015 година забележа **реален раст** од 2,4%, што се должи на растот на извозот и на потрошувачката;
- **Бројот на вработени** во К-4-2016 е повисок за 2,1% во однос на истиот квартал во 2015 година. **Бројот на невработени** се намали за 6,3%, што резултираше со намалување на **стапката на невработеност** во К-4-2016 на 23,1%;
- **Стапката на инфлација** во К-4-2016, мерена според Индексот на трошоци на живот, изнесува -0,1% на годишна основа;
- Просечната **бруто-плата** во К-4-2016 изнесува 33.425 денари и бележи раст од 2,1% на номинална основа, односно раст од 2,2% на реална основа, споредено со бруто-платата во К-4-2015;
- Вкупните **буџетски приходи** во К-4-2016 се пониски за 0,5%, додека вкупните **буџетски расходи** се повисоки за 2,4% споредено со истиот квартал во 2015 година;
- Вкупниот **депозитен потенцијал** на банките во К-4-2016 се зголеми за 6,3% на квартална основа;
- **Кредитната активност** на банките кон недржавниот сектор во К-4-2016 бележи раст од 2,7% на квартално ниво;
- **Македонскиот берзански индекс МБИ-10** во декември 2016 година се зголеми за 9,2% во однос на септември 2016 година. Споредено со претходниот квартал, вкупниот промет остварен на берзата во К-4-2016 регистрираше раст од 61,8%;
- Во К-4-2016 е забележан раст на **извозот на стоки** од 8,2% и на **увозот на стоки** од 3,7% на годишна основа, со што вкупната **надворешно-трговска размена** изразена во евра забележа раст од 5,5%;

# 1. Макроекономски трендови и реален сектор

БДП во К-4-2016 во однос на истиот квартал во 2015 година забележа реален раст од 2,4%, со што растот на БДП во 2016 година изнесува 2,4%[1].

Графикон 1.1. Реална стапка на раст на БДП; Извор: ДЗС




Анализирано според производната страна на БДП, во К-4-2016 позитивни остварувања забележаа повеќе дејности. Економскиот раст е придвижен од Градежништвото, што забележа раст од 28,5%. Земјоделството продолжи со поволните движења во К-4-2016 и забележа раст од 1,8%. Индустријата забележа раст од 0,4%, што се должи на растот во дејноста Снабдување со електрична енергија, во услови на пад во Преработувачката индустрија од 1,3%.

Услужниот сектор во К-4-2016 имаше неутрален придонес кон економскиот раст. Притоа, во рамки на услугите позитивно придвижување имаше кај секторите: Стручни, научни, технички и административни дејности (9,8%), Финансиски и дејности на осигурување (1,1%), Информации и комуникации (0,3%) и Трговија, транспорт и угостителство (0,2%). Негативно придвижување имаа секторите: Уметност, забава, рекреација и останати услужни дејности (2,6%), Дејности во врска со недвижен имот (2%) и Јавна управа и одбрана, образование и здравство (1,4%).

Согласно месечните податоци, производството во Преработувачката индустрија во К-4-2016 се намали за 2,7% на годишна основа, како резултат на падот кај: производство на останата опрема за транспорт (40,8%), производство на кожа и производи од кожа (28,3%), производство на хемикалии и хемиски производи (28,1%), производство на фабрикувани метални производи (26,5%), производство на метали (17,2%), производство на прехранбени производи (9,4%), производство на облека (9,3%), производство на мебел (9,0%), производство на електрична опрема и останата производствена индустрија (0,2%).

Од друга страна, раст е забележан кај: поправка и инсталирање машини и опрема (96,5%), производство на компјутерски, електронски и оптички производи (56,1%),

[1] Државниот завод за статистика истовремено направи ревизија на стапките на раст на БДП за претходните три квартали. Така, растот на БДП за К-1-2016 е ревидиран на 2,4% од 2,6% претходно, за К-2-2016 е ревидиран на 2,9% од 3,1% претходно, а за К-3-2016 е ревидиран на 2% од 2,4% претходно.

Графикон 1.2. Годишна стапка на раст на индустриското производство; Извор: ДЗС




производство на други неметални минерални производи (26,2%), Производство на тутунски производи (24,8%), производство на фармацевтски производи и препарати (19,2%), производство на моторни возила (15,1%), производство на машини и уреди (9,9%), преработка на дрво и производи од дрво и плута (8,1%), производство на пијалаци (6,4%), печатење и продукција на снимени медиуми (5,3%), производство на хартија и производи од хартија и производство на текстил (по 4,6%) и производство на производи од гума и пластични маси (1,1%). Оттука, позитивен годишен раст е регистриран кај 15 гранки, кои сочинуваат 48,4% од индустриското производство.

Анализирано според **расходната страна на БДП**, економскиот раст во К-4-2016 се должи на растот на извозот и потрошувачката. Извозот на стоки и услуги забележа реален раст од 11,2%, главно како резултат на растот на извозот на капацитетите во слободните економски зони, во услови на поволни движења на надворешната побарувачка, односно солиден раст на економската активност во ЕУ, како најзначајна дестинација за пласман на македонските производи. Увозот на стоки и услуги забележа двојно понизок раст од извозот, односно порасна за 5,3% на реална основа, со што нето-извозот имаше позитивен придонес кон економскиот раст.

Финалната потрошувачка во К-4-2016 забележа реален раст од 4,8%, како резултат на растот на приватната и на јавната потрошувачка. Приватната потрошувачка порасна за 5,1%, што во најголем дел се должи на растот на расположливиот доход на домаќинствата, во услови на раст на вработеноста и платите во економијата. Јавната потрошувачка забележа реален раст од 3,4%. Бруто-инвестициите во К-4-2016 забележаа пад од 10,4% на реална основа, и покрај високиот раст на градежната активност во земјата.

Позитивните движења на **пазарот на трудот** продолжија и во К-4-2016. Според Анкетата на работна сила, бројот на вработени е повисок за 2,1% во однос на истиот квартал во 2015 година. Растот на вработеноста е придружен со пад на бројот на невработени, кој на годишна основа е намален за 6,3%. Бројот на активно население забележа раст од 0,1%.

Баквите движења на пазарот на работна сила предизвикаа стапката на невработеност во К-4-2016 да се намали на 23,1%, односно за 1,5 процентни поени (п.п.) споредено со истиот квартал во 2015 година, а во однос на претходниот квартал таа е пониска за 0,3 п.п.. Стапката на вработеност во К-4-2016 изнесува 43,5% и во однос на истиот квартал во 2015 година е повисока за 0,8 п.п.. Активното население претставува 56,6% од вкупното работоспособно население и е непроменето во споредба со истиот квартал во 2015 година.

Графикон 1.3. Број на вработени и стапка на невработеност; Извор: ДЗС




## 2. Цени, плати и продуктивност

**Стапката на инфлација**, мерена според Индексот на трошоци на живот, во К-4-2016 изнесува -0,1% на годишна основа, колку што изнесуваше и во претходниот квартал. Падот на потрошувачките цени во К-4-2016 е резултат на намалените цени во категориите: Храна и безалкохолни пијалаци од 1,3%, Здравје од 1,0%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 0,5%, Рекреација и култура од 0,4%, Образование од 0,1% и Останати стоки и услуги од 1,7%. Највисок раст на цените во К-4-2016 е регистриран во категоријата Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 4,9%, следен од категориите: Мебел, покуќнина и одржување на покуќнината од 3,6%, Облека и обувки од 1,4%, Комуникации од 1,2%, Ресторани и хотели од 1,0% и Транспорт од 0,9%.

Графикон 2.1. Годишна стапка на инфлација; Извор: ДЗС




**Цените на мало** во К-4-2016 споредено со истиот квартал во 2015 година бележат зголемување од 0,3%, по непроменетото ниво на истите во претходниот квартал. Цените на услугите во К-4-2016 забележаа раст од 0,5%, а цените на стоките за 0,1%

споредено со истиот квартал во 2015 година. Во рамки на категоријата Стоки, цените на индустриските производи се зголемени за 0,5%, додека цените на земјоделските производи се намалени за 3,8%. Растот на цените на индустриските производи е резултат на повисоките цени на тутунот за 6,1%, на непрехранбените индустриски производи за 0,5% и на пијалаците за 0,1%, додека малопродажната цена на прехранбените индустриски производи е пониска за 0,5%.

Просечната месечна **нето-плата** во К-4-2016 изнесува 22.765 денари, а просечната месечна **бруто-плата** 33.425 денари. Споредено со истиот квартал во 2015 година, нето/бруто-платата забележа раст од 2,1% на номинална основа, односно раст од 2,2% на реална основа.

Графикон 2.2. Стапка на номинален и реален раст на бруто плата (к/к-4); Извор: ДЗС




**Продуктивноста на трудот** во К-4-2016 е зголемена за 0,2%, како резултат на повисокиот раст на економската активност од растот на бројот на вработени во економијата.

## 3. Фискален сектор

Во К-4-2016 беше забележано пониско остварување на вкупните буџетски приходи за незначителни 0,5% во однос на истиот квартал во 2015 година, придружено со зголемување на вкупните буџетски расходи за 2,4%. Ова придонесе **дефицитот на консолидираниот Буџет** во К-4-2016 да изнесува 6.982 милиона денари или 4,4% од реализираниот БДП за овој квартал (дефицитот на Централниот буџет изнесуваше 5.843 милиони денари, односно 3,6% од кварталниот БДП).

Вкупните **буџетски приходи** забележаа учество од 27,2% од реализираниот квартален БДП, а се пониски за 0,5% споредено со истиот квартал во 2015 година, што се должи на пониската реализација на неданочните приходи. Даночните приходи се зголемија за 2,7%, а социјалните придонеси за 3,8%. Притоа, кај даночните приходи беше забележана повисока наплата кај персоналниот данок на доход, акцизите, царинските давачки, данокот на добивка и другите даночни приходи, додека кај данокот на додадена вредност беше реализирана пониска наплата.

Кај индиректните даноци доминираат приходите од ДДВ и претставуваат 44,6% од вкупните даночни приходи во К-4-2016, а се пониски за 0,7% споредено со истиот

квартал во 2015 година. Во структурата на данокот на додадена вредност најголемо е учеството на ДДВ при увоз, по што следи ДДВ од прометот во земјата. Приходите од акцизи се повисоки за 4,6%, а приходите од царини за 4,4%.

Во рамки на директните даноци, кај персоналниот данок на доход е забележано зголемување од 8,2%, додека приходите од данокот на добивка се повисоки за 4,2% во однос на истиот квартал во 2015 година, при што треба да се има предвид дека зголемените приходи од овој данок главно се резултат на зголемувањето на доплатите по даночни биланси, како и наплатите по основ на месечни аконтации.

Графикон 3.1. Буџетски приходи и расходи во К-4-2016; Извор: МФ




Гледано од аспект на структурното учество во БДП, приходите од директни даноци на годишна основа го намалија своето учество во БДП за 0,1 п.п. (4,2% од кварталниот БДП), а учеството на приходите од индиректни даноци во БДП е намалено за 0,9 п.п., односно изнесува 11,1% од БДП во К-4-2016. Индиректните даноци во четвртиот квартал од 2016 година забележуваат зголемување од 1,2%, а зголемувањето кај директните даноци изнесува 6,7% во однос на К-4-2015.

Наплатата на социјалните придонеси беше повисока за 3,8%, при што зголемување на наплатата беше забележано кај сите придонеси, односно кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување од 3,6%, кај придонесите за здравствено осигурување од 4,1% и кај придонесите за вработување од 4,2%. Неданочните приходи, кои претставуваа 2,1% од кварталниот БДП, беа реализирани за 2,2% помалку во однос на истиот квартал во 2015 година.

Капиталните приходи, во кои спаѓаат приходите од закуп на градежно земјиште, продажба на станови, како и приходи од дивиденди, во четвртиот квартал од 2016 година беа пониски за 5,1 % на годишна основа, а приходите по основ на донации од странство забележаа намалување за 51,6%.

Вкупните буџетски расходи во К-4-2016, со учество од 31,5% во кварталниот БДП, забележаа повисока реализација за 2,4% споредено К-4-2015. Тековните расходи, со учество од 27,7% во кварталниот БДП, претставуваа 87,9% од вкупните расходи и беа реализирани за 5,7% повеќе на годишна основа. Во рамки на тековните расходи, расходите за стоки и услуги беа реализирани за 9,6% повеќе, а кај

расходите за плати и надоместоци беше забележано зголемување од 4,3%. Средствата за трансфери, што учествуваа со 59,8% во вкупните расходи, беа реализирани за 3,8% повеќе. Социјалните трансфери забележаа раст од 5,5% и учествуваа со 44,7% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, што зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се зголемија за 6,3% и забележаа учество од 27,5% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 13,8%, односно забележаа намалување од 1,9%. Блок и наменските дотации кон единиците за локална самоуправа забележаа намалување од 1,7%, а субвенциите и трансферите беа реализирани за 2,5% помалку споредено со К-4-2015.

Расходите за каматни плаќања беа зголемени за 36,2% на годишна основа, при што расходите по камати на домашен долг забележаа зголемување од 18,8%, а каматните расходи за странскиот долг се зголемени за 49,3%.

Капиталните расходи во К-4-2016 претставуваа 3,8% од кварталниот БДП и се реализирани за 16,5% помалку споредено со истиот квартал во 2015 година, а нивното учество во вкупните расходи изнесува 12,1%.

Вкупниот **државен долг** на крајот на К-4-2016 изнесуваше 39,1% од БДП и забележа намалување на своето учество во БДП за 0,9 п.п. во однос на К-3-2016, како резултат на редовното намирување на обврските на државата кон странство. Учеството на надворешниот долг во вкупниот државен долг, во однос на К-3-2016, беше намалено за 1,4 п.п. и изнесуваше 63,5% од вкупниот државен долг. Учеството на внатрешниот долг беше зголемено на 36,5% од вкупниот државен долг.

Графикон 3.2. Државен долг и негова структура; Извор: МФ




## 4. Монетарно-финансиски движења

Во четвртиот квартал од 2016 година, Народна банка на Република Македонија ја ја намали основната каматна стапка за 0,25 п.п., од 4,0% на 3,75% што се должи на стабилизирањето на очекувањата на економските субјекти и на значително повисоката структурна ликвидност на банкарскиот сектор, како и на поволните

движења на девизниот пазар, благодарение на интервенирањето на НБРМ со откуп на девизи, шести месец последователно. Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена во декември 2016 година изнесуваше 0,5% и во споредба со претходниот квартал остана непроменета.

**Примарните пари**[2] во К-4-2016 регистрираа раст на квартална основа од 2,2% (во претходниот квартал беше регистриран раст од 1,4%), како резултат на зголемувањето на готовите пари во оптек за 8,4%, додека вкупната ликвидност на банките се намали за 3,8%. Во однос на К-4-2015, примарните пари се зголемија за 7,1% (во К-3-2016 беше регистриран раст од 6,2%), во услови на раст на готовите пари во оптек од 7,8% и раст на вкупната ликвидност на банките од 6,3%.

Во К-4-2016 најтесната парична маса М1 забележа зголемување од 11,9% во однос на претходниот квартал. Монетарниот агрегат М2 забележа раст од 7,8%, а најширокиот монетарен агрегат М4 се зголеми за 6,6%.

Вкупниот **депозитен потенцијал**[3] на банките во К-4-2016 се зголеми за 6,3% на квартална основа, а во претходниот квартал депозитниот потенцијал се зголеми за 2,3%. Анализирано по сектори, депозитите на претпријатијата и домаќинствата се зголемија за 15,8% и 3,7%, соодветно. Од аспект на валутата, споредено со претходниот квартал денарските депозити се зголемија за 8,1%, а девизните депозити регистрираа раст од 3,8%. Степенот на евроизација е зголемен за 1,0 п.п. во споредба со претходниот квартал, односно изнесува 41,1%, мерено преку учеството на девизните депозити во вкупниот депозитен потенцијал.

Според рочноста, учеството на долгорочните депозити во вкупниот депозитен потенцијал во К-4-2016, споредено со претходниот квартал, се намали и изнесува 26,6% (во К-3-2016 изнесуваше 27,4%), а долгорочните депозити се зголемија за 2,9% во однос на претходниот квартал. Краткорочните депозити во анализираниот период забележаа зголемување од 5,2%.

**Кредитната активност** на банките кон недржавниот сектор во К-4-2016 забележа квартално зголемување од 2,7% (додека во претходниот

Графикон 4.1. Кредити и кредитен раст и М4; Извор: НБРМ




[2] Ги вклучува готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајната на банките), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).
[3] Депозитите вклучуваат и пресметана камата.

квартал регистрираа зголемување од 0,2%), во услови на раст на кредитите кон домаќинствата и кредитите кон приватните претпријатија од 2,2% и 2,6%, соодветно. Од валутен аспект, денарските кредити во К-4-2016, споредено со претходниот квартал, се зголемија за 3,9%, а девизните кредити регистрираа намалување од 2,7%. Според рочноста, долгорочните кредити во К-4-2016 во однос на претходниот квартал бележат раст од 2,4%, а краткорочните кредити се зголемија за 7,5%.

Каматната стапка на денарските кредити во К-4-2016 изнесува 6,5% и е намалена за 0,1 п.п. во споредба со претходниот квартал. Каматната стапка на девизните кредити во К-4-2016 изнесува 5,2% и е намалена за 0,2 п.п. во однос на претходниот квартал. Каматните стапки на денарските и на девизните депозити во К-4-2016 останаа непроменети на квартална основа и изнесуваат 2,5% и 1,0%, соодветно. Каматната стапка на новоодобрените денарски кредити во К-4-2016 изнесува 5,7%, а на новоодобрените девизни кредити 4,6%. Каматните стапки на новопримените денарски и девизни депозити изнесуваат 2,0% и 1,1%, соодветно.

Графикон 4.2. Каматни стапки (КС) на депозитни банки;
Извор: НБРМ




На пазарот на капитал во К-4-2016 се забележа раст на вкупниот промет на берзата за 61,8% во споредба со претходниот квартал, што се должи на зголемениот промет на класичното тргување и прометот од блок трансакциите за 60,3% и 44%, соодветно. Во однос на истиот квартал во 2015 година, вкупниот промет забележа раст од 6,5%, во услови на зголемување на прометот од класичното тргување за 39,6%, додека прометот од блок трансакциите се намали за 43,7%.

Графикон 4.3. Вкупен промет на берза и МБИ 10;
Извор: Македонска берза



Македонскиот берзански индекс МБИ-10, како агрегатен показател на берзанските движења, на крајот на четвртиот квартал изнесуваше 2.134,91 индексни поени, што претставува раст од 9,2% во однос на септември 2016 година, додека во однос на декември 2015 година индексот е повисок за 16,5%.

# 5. Надворешен сектор

## 5.1. Надворешно-трговска размена

Според податоците на Државниот завод за статистика, вкупната надворешно трговска размена со странство во К-4-2016 изнесува 2.793,5 милиони евра и бележи раст од 5,5% во однос на истиот квартал во 2015 година.

Графикон 5.1. Надворешно трговска размена; Извор: ДЗС




**Извозот на стоки** во К-4-2016 изнесува 1.141,1 милион евра и во однос на К-4-2015 бележи раст од 8,2%, а во однос на претходниот квартал пад од 0,7%.

Анализирано **по сектори** на СМТК (Стандардна меѓународна трговска класификација), позитивни движења во извозот во К-4-2016 во однос на истиот квартал во 2015 година се забележуваат кај:

- машини и транспортни уреди за 15,7% (во чии рамки раст забележаа категориите: индустриски машини и делови за 18,2% или 21 милион евра; електрични машини, апарати и делови за 11,2% или 12,6 милиони евра и друмски возила за 28,4% или 9,9 милиони евра);
- хемиските производи за 12,7% (хемиски материи и производи за 12,8% или 26,8 милиони евра);
- суровини освен гориво за 18,1% (метална руда и отпадоци од метал за 16,3% или 4,9 милиони евра и сирово ѓубриво и минерали за 25,9% или 1,7 милиони евра);
- пијалаци и тутун за 13,1% (пијалаци за 21,6% или 3,1 милион евра и тутун и производи од тутун за 8,2% или 2,1 милион евра);
- минерални горива и мазива за 38,6% (нафта и производи од нафта за 30,2% или 2,9 милиони евра и електрична енергија за повеќе од двапати или 1,8 милиони евра);

- разни готови производи за 1,3% (мебел и негови делови, постелнина, душеци и слично за 10,6% или 3,5 милиони евра) и
- производи класирани по материјалот за 0,7% (железо и челик од 2,7% или 2,8 милиони евра).

Од друга страна, негативни движења во извозот се забележуваат кај:

- производи за храна за 8,6% (во чии рамки пад бележи категоријата овошје и зеленчук за 17,5% или 9,8 милиони евра).

Гледано **по економска намена,** во К-4-2016 најголемо учество во извозот има категоријата стоки за индустриски набавки (45,6%), по која следуваат: стоки за широка потрошувачка (16,5%), производи за инвестиции без транспортна опрема (15,1%), транспортна опрема (12,1%), храна и пијалаци (9,1%) и горива и мазива (1,3%).

**Увозот на стоки** во К-4-2016 изнесува 1.652,4 милиони евра и е зголемен за 3,7% во однос на К-4-2015, а во однос на претходниот квартал бележи раст од 7,3%.

Анализирано **по сектори** на СМТК, позитивно придвижување на увозот во К-4-2016 во однос на К-4-2015 се забележува кај:

- производи класирани по материјалот за 7,6% (во чии рамки раст забележа категоријата обоени метали за 18,2% или 35,1 милион евра);
- минерални горива и мазива за 9,1% (нафта и производи од нафта за 19,3% или 18,3 милиони евра);
- машини и транспортни уреди за 1,1% (електрични машини, апарати и делови за 3,4% или 3,7 милиони евра и машини специјализирани за одредени индустрии за 4,8% или 1,5 милиони евра);
- хемиски производи за 1,9% (медицински и фармацевтски производи за 19,4% или 6,7 милиони евра);
- пијалаци и тутун за 12,9% (тутун и производи од тутун за 20,5% или 1,4 милиони евра) и
- разни готови производи за 1,6% (мебел и негови делови, постелнина, душеци и слично за 11,5% или 1,5 милиони евра и облека за 5,6% или 1,1 милион евра).

Негативно придвижување на увозот се забележува кај:

- производи за храна за 0,3% (во чии рамки пад забележаа категориите: жита и преработки од жита за 19,0% или 5,1 милион евра и добиточна храна за 25,1% или 2,1 милион евра) и
- суровини освен гориво за 17,6% (метална руда и отпадоци од метал за 33,5% или 6,5 милиони евра).

Гледано **по економска намена**, најголемо учество во увозот во К-4-2016 има категоријата стоки за индустриски набавки (48,9%), по која следуваат: производи за инвестиции без транспортна опрема (14,3%), стоки за широка потрошувачка (11,1%), храна и пијалаци (10,4%), горива и мазива (9,4%) и транспортна опрема (5,8%).

Графикон 5.2. Земји со најголемо учество во извозот (лево) и во увозот (десно) во К-4-2016
Извор: Пресметки на МФ врз база на податоци од ДЗС




Надворешно-трговската размена на Македонија со Европската унија (ЕУ 28) во К-4-2016 е зголемена за 2,2% во однос на К-4-2015, со што учеството на размената со оваа интеграција во вкупната надворешно-трговска размена изнесува 66,5% и е намалено за 1,4 п.п. споредено со четвртиот квартал во 2015 година. Притоа, во К-4-2016 извозот на стоки учествува со 78,3%, а увозот на стоки со 58,3%.

## 5.2. Платен биланс

Според податоците од Народна банка на Република Македонија, во К-4-2016 на **тековната сметка** на билансот на плаќања е регистриран дефицит од 125,6 милиони евра, што претставува 4,8% од кварталниот БДП, наспроти дефицитот од 6,0% од БДП забележан во истиот квартал 2015 година.

Графикон 5.3. Салдо на тековна сметка; Извор: НБРМ




Анализирано на годишна основа, дефицитот на тековната сметка во К-4-2016 е стеснет за 11,8% (16,8 милиони евра), што се должи на зголемениот суфицит на сметката на услуги за 45,5% и стеснувањето на дефицитот на сметката на стоки за 6,9%. Спротивно влијание имаше продлабочувањето на дефицитот на сметката на примарен доход за 46,7% и намалувањето на позитивното салдо на сметката на секундарен доход за 1,2%.

Во К-4-2016, во услови на поголем раст на извозот од увозот на стоки, **трговскиот дефицит** на годишно ниво бележи стеснување за 37,2 милиона евра и изнесува 19,3% од кварталниот БДП, што е за 3,6 п.п. понизок од дефицитот остварен во

истиот квартал 2015 година. Суфицитот на **сметката на услуги** во К-4-2016 изнесува 60,6 милиони евра и во однос на истиот квартал од 2015 година е зголемен за 18,9 милиони евра.

**Трговската отвореност** на Македонија во К-4-2016 изнесува 114,3% од кварталниот БДП и во однос на К-4-2015 е намалена за 5,7 п.п..

Сметката на **примарен доход** во К-4-2016 забележа дефицит од 106,7 милиони евра, кој на годишно ниво е продлабочен за 34,0 милиони евра, што се должи на зголемениот нето-одлив на доход од инвестиции.

Графикон 5.4. Тековна сметка на платниот биланс (салдо); Извор: НБРМ




Суфицитот на сметката на **секундарен доход** во К-4-2016 изнесува 423,5 милиони евра и на годишно ниво е намален за 5,4 милиони евра. Падот се должи на намалувањето на приватните трансфери за 10,2 милиони евра, кои во сметката на секундарен доход учествуваат со 93,3%, а официјалните нето-трансфери, кои во сметката на секундарниот доход учествуваат со 6,7% се зголемиле за 4,8 милиони евра.

Салдото на **капиталната сметка** во К-4-2016 е негативно и изнесува 0,2 милиона евра, за разлика од истиот квартал во 2015 година кога салдото на капиталната сметка беше позитивно, односно изнесуваше 2,4 милиони евра.

**Странските директни инвестиции** (СДИ) во земјата во К-4-2016 изнесуваат 126,1 милион евра и во однос на К-4-2015 се зголемиле за 64,1 милион евра. Поголемиот дел од СДИ во овој период, односно 53,1% е во вид на реинвестирана добивка и по основ на сопственички капитал, додека останатиот дел е по основ

Графикон 5.5. Странски директни инвестиции во земјата; Извор: НБРМ и пресметки на МФ



на должнички инструменти. Гледано по дејности, најголем дел од СДИ во овој период, како и во претходниот квартал, има во индустрискиот сектор, посебно во преработувачката индустрија.

**Портфолио инвестициите** во К-4-2016 изнесуваат 2,5 милиони евра, наспроти негативната вредност од 93,0 милиони евра во истиот квартал од 2015 година. **Останатите инвестиции** во К-4-2016 изнесуваат 124,8 милиони евра. Во рамки на категоријата останати инвестиции, валутите и депозитите изнесуваат 126,6 милиони евра, заемите 20,1 милион евра, додека трговските кредити бележат негативно салдо од 21,8 милиона евра.

**Девизните резерви** на крајот на четвртиот квартал од 2016 година изнесуваат 2.613,4 милиони евра и во однос на истиот квартал од 2015 година се зголемени за 15,5%. Девизните резерви обезбедуваат покриеност на увозот на стоки и услуги од претходниот 12-месечен период од 5 месеци, што претставува значително ниво на резерви за справување со евентуални шокови.